# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 03 Год. XV 08 февруари 2012 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: вонредна седница

**Совет на општина Василево**

1. **ОДЛУКА** за прекин на воспитно-образовната работа во основните училишта - ООУ „Гоце Делчев“ с Василево и ООУ „Атанас Нивичански“ с Нова Маала....................02

**Градоначалник на општина Василево**

2. **ЈАВНА ОБЈАВА** врз основа на член 86 од Законот за општа управна постапка.....02

3. **РЕШЕНИЕ** за формирање Комисија за утврдување на предмет на реновирање но соблекувална на ФК Единство с Пиперево....................................................................03

4. **РЕШЕНИЕ** бр. 5/2012г за потреба од јавна набавка..................................................03

5. **РЕШЕНИЕ** бр. 6/2012г за потреба од јавна набавка..................................................04

6. **РЕШЕНИЕ** бр. 7/2012г за потреба од јавна набавка..................................................04

7. **РЕШЕНИЕ** бр. 8/2012г за потреба од јавна набавка..................................................05

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за прекин на воспитно-образовната работа во основните училишта-ООУ„Гоце Делчев“с.Василево и ООУ„Атанас Нивичански“ с.Нова Маала,

што Советот на општина Василево го донесе на вонредната седницата одржана на ден 06.02.2012 година

Бр.08-301/2 Општина Василево
06.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

------------------------------------

Советот на општина Василево врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр. 04/03, 08/06 и 09/10), на својата вонредна седница одржана на 06.02.2012 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за прекин на воспитно-образовната работа во основните училишта -ООУ„Гоце Делчев„ с.Василево и ООУ„Атанас Нивичански“ с.Нова Маала**

Член 1

Со Оваа Одлука се утврдува прекин на воспитно-образовната работа во основните училишта – ООУ„Гоце Делчев“ с.Василево и ООУ „Атанас Нивичански“ с.Нова Маала од 07.02. до 10.02.2012 година.

Член 2

Оваа Одлука се донесува поради неповолните временски услови (обилни снежни, врнежи и ниски температури ),непроодност на патишта поради снегот и ниските температури и притоа е отежнато патувањето на учениците до сите централни и подрачни училишта во општина Василево

Член 3

Воспитно-образовната работа во основните училишта -ООУ„Гоце Делчев“ с.Василево и ООУ„Атанас Нивичански“ с.Нова Маала од 07.02. до 10.02.2012 година ќе продолжи со редовна настава на 13.02.2012 година.

Член 4

Изгубените работни денови ќе се надоместат во текот на пролетните месеци до крајот на учебната година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-301/1 Совет на општина Василево
06.02.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

**ЈАВНА ОБЈАВА**
**врз основа на член 86 од Законот за општата управна постапка**

Градоначалникот на општина Василево Ванчо Стојанов врз основа на член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.38/2005, 110/2008 и 51/2011), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 38 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр.4/03, 8/06 и 9/10) ги

**ПОВИКУВА**

Даночните обврзници Андонова Донка од с.Василево, Андонов Трајко од с.Василево, Глигоров Киро од с.Василево, Андонов Љупчо од с.Василево, Андонов Алекса од с.Василево, Андонов Бранко од с.Василево, Гушлева Бранка од Гевгелија и Глигоров Ванчо од с.Василево, да се јават во архивата на општина Василево заради доставување на Решение за утврдвување на даночна основа за данок на промет на наследство и подарок УП 1 бр.3297 од 15.03.2011 година во рок од 1 (еден) ден сметано од денот на објавувањето на оваа јавно повикување во дневниот весник Нова Македонија.

Се предупредуват даночните должници дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настана ги сноси странката.

Бр10-3297 Општина Василево
26.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

* * *

Градоначалникот на општина Василево врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), и член 38 од Статутот на опШтина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Комисија за утврдување на предмет на реновирање на соблекувална на ФК Единство с.Пиперево**

1. Се формира Комисија за утврдување на предмет на реновирање на соблекувална на ФК Единство с.Пиперево.

2. Комисијата е составена од 3 (три) члена и тоа:

   - Боби Величковски - претседател;
   - Наталија Митрова - член;
   - Каролина Додевска -член.

3. Комисијата е должна да утврди што е предмет на реновирање на соблекувалната на ФК Единство с.Пиперево со изработка на записник во кој е потребно да содржи и предмер пресметка за предметите - предмети на реновирање, со вкупниот износ кој е потребен да се изврши реновирањето. Оваа предмер пресметка со вкупниот износ потребен за реновирање ќе биде основа за вредноста на договорот што ќе се склучи со потенцијалниот инвеститор.

4. Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

Бр.08-267/1 Општина Василево
02.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на ОпШтина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр. 5 /2012**

**За потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка на услуга - изработка на основен проект за реконструкција и адаптација на сала на Културен дом во с.Нова Маала во спортска сала за основно училиште и изработка на основен проект за реконструкција и адаптација на стара зграда на милиција во с.Добрашинци во Мултифункционален центар и ревизија на истите.

Член 2

Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3

Оваа набавка ќе биде внесена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и проценетата вредност на набавката е 300.00,00 денари..

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- најниска цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:
-Ацо Митев- претседател;
-Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

-Славе Андонов- член;
-Убавка Стојчева-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево".

Бр.08-226/1 Општина Василево
27.01.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ" бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр. 6 /2012**
**За потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка на услуга – изработка на основен проект за локален пат с. Добрашинци – с. Висока маала и ревизија на истиот.

Член 2

Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3

Оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и проценетата вредност на набавката е 150.00,00 денари..

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- најниска цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:
-Ацо Митев- претседател;
-Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:
-Славе Андонов- член;
-Убавка Стојчева-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево".

Бр.08-268/1 Општина Василево
02.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на ОпШтина Василево („Службен гласник на ОВ"бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр. 7 /2012**
**За потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка - вршење на стручен надзор над градба на градежни објекти во општина Василево за 2012 година..

Член 2

Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3

Оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и средства за нејзина реализација има обезбедено во Програмите на Буџетот на општина Василево во висина од 300.000,00 денари..

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- процент 100 поени

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:
-Ацо Митев- претседател;
-Убавка Стојчева - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:
-Славе Андонов- член;
-Тони Ристов-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-296/1 Општина Василево
06.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.8/2012**
**за потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на канцелариски материал за потребите на органите и општиснката администрација на општина Василево за 2012 година (сукцесивна набавка).

Член 2

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас на веб страната на Бирото за јавни набавки, во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

Член 3

Проценетата вредност на јавната набавка е 450.000,00 денари без пресметан ДДВ и е внесена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ацо Митев - претседател;
- Убавка Стојчева - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Каролина Додевска - член;
- Никола Витларов - зам.член;
- Славе Андонов -член;
- Боби Величковски -зам.член.

Член 7

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-298/1 Општина Василево
06.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р